# ГОРДАНА НИКОЛОВСКА - ДИМЕСКА

ЈЗУ Здравствен Дом Прилеп

Служба за итна медицинска помош

Презентација на мојот едукативен престој во Измир – Турција

Регионален Тренинг Центар - УРЛА

22.11.2015 – 04.12.2015

ВО РАМКИТЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ Р. МАКЕДОНИЈА
И Р. ТУРЦИЈА Е И СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ
МИНИСТЕРСТВА ЗА ЗДРАВСТВО

ВО РАМКИТЕ НА ТАА СОРАБОТКА
СЕ ОВОЗМОЖЕНИ И ЕДУКАТИВНИ ПРЕСТОЈУВАЊА ВО
ЕДУКАТИВНИОТ ТРЕНИНГ И СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР
НА ОСТРОВОТ
**URLA**
ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА ИЗМИР



СИМУЛАЦИСКИ И ТРЕНИНГ ЦЕНТАР ЗА ИТНИ СОСТОЈБИ И МАСОВНИ НЕСРЕЌИ
ВО РАМКИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

# URLA

СТРОВ ВО БЛИЗИНАТА НА ИЗМИР НА КОЈ ВО МИНАТИОТ
ВЕК БИЛ СМЕСТЕН КАРАНТИН ЦЕНТАР ЗА СИТЕ ОНИЕ
КОИ ПРЕКУ МОРЕ ВЛЕГУВАЛЕ ВО ТУРЦИЈА



ДЕНЕС ТАМУ Е СМЕСТЕН МОДЕРЕН ТРЕНИНГ И СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР КОЈ СЛУЖИ ЗА ОБУКА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ
НО И ДРУГИ ПРОФИЛИ НА ПРОФЕСИОНАЛЦИ
ВО РАМКИ НА ИТНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ЗДРАВСТВОТО
СПРАВУВАЊЕ И МАНАЦИРАЊЕ НА КРИЗНИ СОСТОЈБИ И МАСОВНИ НЕСРЕЌИ

ОПРЕМЕН Е СО СООДВЕТНИ НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА КАКО И СООДВЕТНИ ФАНТОМИ НА КОИ МНОГУ УБАВО СЕ ВЕЖБА

# ЕДУКАЦИЈАТА СЕ СОСТОЕШЕ ОД ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ И ДАЛЕКУ ПОЗНАЧАЕН ПРАКТИЧЕН ДЕЛ



ПРВИОТ ДЕН НА НАШИОТ ПРЕСТОЈ ВО
URLA SIM ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ
ИМАВМЕ СВЕЧЕН И СРДЕЧЕН ПРИЕМ НА ПОВИСОКО
НИВО

БЕВМЕ ПРИМЕНИ И ПОЗДРАВЕНИ ОД МИНИСТЕРКАТА ЗА
ЗДРАВСТВО НА РЕГИОНОТ НА ИЗМИР
MD. AYHAN IZZETTINOGLU
ДИРЕКТОРОТ НА СЛУЖБАТА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА
ПОМОШ НА ИЗМИР
MD. IBRAHIM TOGLU
И НЕКОЛКУ ДРУГИ ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ОД
ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО РЕГИОНОТ НА ИЗМИР

ОДГОВОРНА ЗА НАШАТА ГРУПА БЕШЕ
DR. ESSEN MECIHAN
КОЈА РАБОТИ КАКО ИНСПЕКТОР ЗА ЗДРАВСТВО
ВО РАМКИТЕ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА
РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

НАЈПРВО НИ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАН ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА
СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА
СЛУЖБАТА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ
ACIL SERVISI 112
НИВНАТА ОПРЕМА И ВОЗИЛАТА ЗА ТРАНСПОРТ

НИ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАН И САМИОТ ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА СО ОСВРТ НА НАЧИНОТ НА ЕДУКАЦИЈА, ВРЕМЕТО НА ПООДЕЛНИ МОДУЛИ НА ЕДУКАЦИЈА, ОПРЕМАТА ШТО СЕ КОРИСТИ ПРИ ЕДУКАЦИЈАТА
КАКО И ПРОФИЛИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ И ДРУГИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ КОИ СЕ ОПФАТЕНИ СО ПРОГРАМАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА


KARTSANA


KARTSANA



ПРВИОТ ДЕН НА НАШИОТ ЕДУКАТИВЕН ПРЕСТОЈ ИМАВМЕ ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПРАКТИЧЕН ТРЕНИНГ ЗА ПРИСТАП И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА УРГЕНТНА СОСТОЈБА СО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КВАЛИТЕТНА И ДЕЛОТВОРНА КАРДИОПУЛМОНАЛНА РЕАНИМАЦИЈА CPR ВО РАМКИТЕ НА ОСНОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТ BASIC LIFE SUPPORT



ВО НАРЕДНИОТ ДЕН НИ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНО И НАПРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТ
ADVANCED LIFE SUPPORT
СО ПРАКТИЧЕН ТРЕНИНГ НА ДЕФИБРИЛИРАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИ ДИШНИ ПАТИШТА, КОРИСТЕЊЕ НА ЛЕКОВИ

А СЕТО ТОА ВО СКЛОП НА СЦЕНАРИЈА НА CARDIAC ARREST СО СВЕДОЦИ И БЕЗ СВЕДОЦИ



НИ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАН ПРИСТАП КОН ТРАУМАТИЗИРАН ПАЦИЕНТ
СО ОСВРТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИ ДИШНИ ПАТИШТА , ТРЕТМАН НА ШОКОВА СОСТОЈБА, ТРЕТМАН НА ПОВРЕДИ НА ОДРЕДЕНИ ДЕЛОВИ ОД ТЕЛОТО

ИМАВМЕ ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА CRUSH SYNDROME
СО ОСВРТ НА ИСКУСТВАТА ОД ГОЛЕМИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО МАРМАРА ВО 1999





ПОМИНАВМЕ И МНОГУ ЗНАЧАЕН И КОРИСЕН ТРЕНИНГ ВО СЦЕНАРИО НА МАСОВНА СООБРАЌАЈНА НЕСРЕЌА ВО КОЕ СО ПОДЕЛЕНИ УЛОГИ ВИДОВМЕ КАКО ТРЕБА ДА СЕ МАНАЏИРА СЕТО ТОА

УСПЕШНО СЕ СНАЈДОВМЕ ВО ПОТРЕБАТА ДА СЕ МЕНАЏИРА МЕСТОТО НА НАСТАНОТ, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И СОРАБОТКАТА СО ПООДЕЛНИТЕ СЛУЖБИ КАКО ШТО СЕ ПОЛИЦИЈАТА И СЛУЖБИТЕ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

ИМАВМЕ ЗАДАЧА ПРАВИЛНО ДА ГИ ТРИЈАЖИРАМЕ ПОВРЕДЕНИТЕ И ДА ГИ ТРАНСПОРТИРАМЕ

УСПЕАВМЕ ДА ГО РЕАЛИЗИРАМЕ СООДВЕТНИОТ ТРАНСПОРТ НА ПОВРЕДЕНИТЕ ОД МЕСТОТО НА НАСТАНОТ ДО БОЛНИЦИТЕ СО ПОСТОЈАНА КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ ЕКИПИТЕ НА ТЕРЕН И БОЛНИЦИТЕ ЗА ДА СЕ ОСИГУРАМЕ ЗА БРОЈОТ НА СЛОБОДНИ КРЕВЕТИ И МОЖНОСТА ЗА СООДВЕТЕН ТРЕТМАН НА ПОЕДИНИ СОСТОЈБИ



СЕ ЗАПОЗНАВМЕ И СО ПРИНЦИПИТЕ НА МЕНАЏИРАЊЕ НА НЕСРЕЌИ ОД ПОГОЛЕМ РАЗМЕР

4 C

C OMMAND
C ONTROL
C OORDINATION
C OMUNICATION
+
2 МНОГУ ЗНАЧАЈНИ ПРИНЦИПА ВО МЕНАЏИРАЊЕТО СО КРИЗИ

2 C

C ALCULATION
C OLABORATION

БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНА РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ТИМОВИ
ЗА СПАСУВАЊЕ
U M K E

ТИЕ СЕ СОСТАВЕНИ ОД ДОБРОВОЛЦИ ОД НАЈРАЗЛИЧНИ ПРОФИЛИ, ВО НАЈГОЛЕМ БРОЈ ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ

ИМААТ ПОСЕБНИ ТРЕНИНЗИ КОИ СЕ ИЗВЕДУВААТ ВО ПОСЕБНИ УСЛОВИ







ВО РАМКИТЕ НА НАШИОТ ПРЕСТОЈ ВО ИЗМИР ОСТВАРИВМЕ И НЕКОЛКУ ПОСЕТИ

ГО ПОСЕТИВМЕ КОМАНДНИОТ ЦЕНТАР НА СЛУЖБАТА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ НА ИЗМИР ОД КАДЕ ШТО СЕ КООРДИНИРА ЦЕЛАТА АКТИВНОСТ НА СЕКОЈА ПОСЕБНА ЕДИНИЦА НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ И СЕКОЕ ПОСЕБНО ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО ВО РАМКИТЕ НА ИТНАТА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ







# ИМАВМЕ ПОСЕТА НА ДРЖАВНАТА БОЛНИЦА АТАТУРК











# ВО СКЛОП НА БОЛНИЦАТА СЕ НАОЃА И ХЕЛИОДРОМ ХЕЛИКОПТЕР И ЕКИПАТА НА ИТНАТА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ СО ХЕЛИКОПТЕР







ВО МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА НАШАТА ПОСЕТА ЕКИПАТА ДОБИ ПОВИК ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА ПА ИМАВМЕ ПРИЛИКА ОД БЕЗБЕДНА ОДДАЛЕЧЕНОСТ ДА ГО СЛЕДИМЕ ПРИПРЕМАЊЕТО НА ЕКИПАТА И ПОЛЕТУВАЊЕТО НА ХЕЛИКОПТЕРОТ





ГО ПОСЕТИВМЕ И ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ФАМИЛИЈАРНА МЕДИЦИНА ВО ОПШТИНАТА BAYRAKLI ВО РАМКИТЕ НА ГРАДОТ IZMIR



ПОСЕТИВМЕ И ДВА ПУНКТА НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ВО ИЗМИР
ПРИ ШТО СЕ УВЕРИВМЕ ДЕКА И НИЕ НЕ ЗАОСТАНУВАМЕ ВО ТОА КАКО ИЗГЛЕДААТ И КАКО СЕ ОПРЕМЕНИ НАШИТЕ СЛУЖБИ ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

НО ВИДОВМЕ И ТОА ДЕКА ТИЕ НЕ РАБОТАТ ВО АМБУЛАНТА СО ХРОНИЧНИ ПАЦИЕНТИ
ТУКУ САМО НА ТЕРЕН И ВО АКУТНИ СОСТОЈБИ

НА КРАЈОТ НА НАШИОТ ЕДУКАТИВЕН ПРЕСТОЈ ВО
URLA SIM ЕДУКАТИВНИОТ ЦЕНТАР
ИМАВМЕ СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТИ
СО ШТО УСПЕШНО ГО ЗАОКРУЖИВМЕ НАШИОТ ПРЕСТОЈ И
МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА ВО
ИЗМИР
РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА



ЕДУКАТИВНИОТ ПРЕСТОЈ ВО ТУРЦИЈА НИ ПОКАЖА ДЕКА И НИЕ ГИ СЛЕДИМЕ СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ НА ЕВРОПСКИОТ РЕСУСЦИТАЦИОНЕН СОВЕТ

УВИДОВМЕ ДЕКА МОЖЕМЕ УСПЕШНО ДА СЕ СПРАВИМЕ СО УРГЕНТНИ СОСТОЈБИ

## НО ЈА ВИДОВМЕ И ПОТРЕБАТА ОД

ПОИНАКВО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЛУЖБИТЕ НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ВО РАМКИ НА ЕДЕН ЦЕНТАР СО СООДВЕТНА ВЕРТИКАЛНА ПОСТАВЕНОСТ НА ОСТАНАТИТЕ СЛУЖБИ

ПОТРЕБАТА ОД КОМАНДЕН ЦЕНТАР КОЈ ЌЕ ЈА КООРДИНИРА РАБОТАТА

ПОТРЕБАТА ОД ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР СООДВЕТНО ОПРЕМЕН СО ФАНТОМИ, СИМУЛАТОРИ НА СРЦЕВ РИТАМ , ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО САНИТЕТСКИТЕ ВОЗИЛА

ПОТРЕБАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЖУРНИ СЛУЖБИ СО СКЛОП НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО А СО ЦЕЛ ДА СЕ ОВОЗМОЖИ СЛУЖБИТЕ НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ДА ЈА РАБОТАТ ОНАА РАБОТА ШТО ТРЕБА ДА ЈА РАБОТАТ

РАБОТА НА ТЕРЕН И РАБОТА ПРИ УРГЕНТНИ ЗДРАВСТВЕНИ СОСТОЈБИ

И СОСЕМА ЗА КРАЈ

БЛАГОДАРНОСТ ДО НАШИТЕ ДОМАЌИНИ КОИ СРЕДЕЧНО НЕ ПРИМИЈА,
НИ ПРУЖИЈА НЕЗАБОРАВНО ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО
И НИ ОВОЗМОЖИЈА ДА ВИДИМЕ ДЕЛ ОД ЗНАМЕНИТОСТИТЕ НА НИВНАТА ЗЕМЈА

